20260550937

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), а во врска со член 112 од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 160/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 30/26) во дел I во табелата во точката 2 износот „43.000.000,00“ се заменува со износот „21.744.325,00“.

Во точката 4 износот „13.800.000,00“ се заменува со износот „35.055.675,00“.

II

Во дел III став (1) во воведната реченица износот „43.000.000,00“ се заменува со износот „21.744.325,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 2.1. | Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата | 50% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестицијата | 12.000.000,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за порибителен материјал | 50% од пазарната цена на подмладокот | 3.744.325,00 |
| 2.3. | Финансиска поддршка за инвестиции во преработувачки капацитети | 50% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестицијата | 6.000.000,00 |
| | Вкупно | | 21.744.325,00 |

“.

Во став (4) износот „720.000,00“ се заменува со износот „600.000,00“.

Во став (6) по втората реченица, се додава нова реченица, која гласи:

„Финансиската поддршка е наменета за произведен или купен подмладок со тежина од 10-30 грама за ладноводни видови риби и со тежина до 300 грама за топловодни видови риби.“.

III

Во делот V износот „13.800.000,00“ се заменува со износот „35.055.675,00“.

IV

Во дел VII во ставот (2) зборовите „45 дена“ се заменуват со зборовите „180 дена“.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1912/6
10 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.